Архивски број: 08-481/4
______________ година

16-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-481/1 од 01.07.2024 година, поднесена од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ и ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми сторено од страна на општина Карпош и градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски врз група на лица Роми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 01.07.2024 година [redacted] поднесе претставка бр. 08-481/1. Во претставката подносителот тврди дека е сторено вознемирување и поттикнување, повикување и инструкција за дискриминација по основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми врз група на лица Роми од страна на општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски.

Имено, во претставката се наведува на 18.06.2024 година, во неколку медиуми биле објавени статии со следните наслови: „Општина Карпош: Обвинителството и МВР да упаднат во дивата населба во Злокуќани", „Општина Карпош бара полицијата да реагира: „Дел од ромската населба во Злокуќани станува гето, опасност за живеењето на жителите", „Хаос во Карпош: Масовна тепачка со лопати, секири, ножеви, изваден бил и пиштол".

Истиот ден, на веб страната на општина Карпош се објавило соопштение во кое е наведено:

„Општина Карпош е згрозена од синоќешниот немил настан во ромската населба во Злокуќани. Такво насилие, крволочност, со употреба на лопати, секири, ножеви... (за среќа извадениот пиштол не успеал сопственикот да го репетира), е незапаметено во историјата на Карпош.

Оваа масовна тепачка во ова населено место не е прва. Дел од ромската населба во Злокуќани станува гето, опасност за живеењето на жителите кои сакаат мирно да ги поминуваат деновите, но уште поопасно за граѓаните кои што гравитираат во тој дел како и фирмите кои што имаат имот во оваа населба. Готово да нема граѓанин кој што физички не е нападнат. Не постои куќа или фирма која повеќе пати не е брутално ограбена, а сторителите се познати и на мештаните и на органите на прогон.
За насилниците од оваа населба градоначалникот на општината повеќе пати изврши разговор со полициската станица Карпош и со Основното јавно обвинителство за да насилниците бидат санкционирани, затоа што овие луѓе не само што ги загрозуваат жителите на Злокуќани, туку и жителите на Бардовци и Влае 1.
Општина Карпош бара од полицијата, обвинителството и судот, најстрого да бидат санкционирани учесниците во оваа нецивилизирана, преполна со агресија тепачка својствена на средниот век, а не на цивилизирана заедница како што е оваа општина. Доколку овој немил настан не се санкционира соодветно а границата е помината веќе со години, состојбата ќе биде уште полоша а агресивните насилници ќе земаат се повеќе замав.".
Подносителот наведува дека таквото соопштение и наратив од страна на општина Карпош е пред сè опасно а дополнително и крајно недолично, навредливо и вознемирувачко кон целата ромска заедница, а особено посочената на која се однесува. Се истакнува дека така објавеното соопштение согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува вознемирување, но и дека содржи елементи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Според подносителот, како што наведува: „Спомнувањето дека станува збор за ромска населба, а со тоа индиректно и за лица од ромска етничка припадност, во еден ваков негативен контекст користејќи ги квалификациите „гето", „насилници", „нецивилизирана", „својствена на средниот век, а не на цивилизирана заедница", покрај тоа што е вознемирувачки и дискриминаторски, преставува и говор на омраза кој повикува на колективно казнување преку присилно иселување (евикција) на жителите на оваа населбаи е одраз на долгогодишна стереотипизација на Ромите во Република Северна Македонија до степен што во секојдневнот политички дискурс и понатаму е вообичаено терминот „кражба" да се асоцира со „Роми" без никаква последица, било кривична, било по реномето на говорникот. Со ваквиот однос, Општина Карпош врши и расно профилирање на индивидуите кои наводно биле вмешани во одреден инцидент. Впрочем, Ром е етничка припадност, а не физичка карактеристика која е лесно забележлива од страна на единица на локална самоуправа или носител на јавна функција градоначалник кој притоа не се идентификува како Ром.".
Понатаму, подносителот наведува дека за последиците од таквиот наратив говореле и дел од коментарите под соопштениетo на општината споделено на социјалната мрежа „FACEBOOK":
[redacted] А кој го пушти тој цган и шљам инцестоиден да се насели таму? Зошто го оставија со децении да се шири таму како канцер? Зошто градоначалникот звани комшија не превзема ништо околу тие талибанци, каде е власта. каде е полицијата? Роварат по цел Карпош, еден подрум и двор не оставија читав. Ако

државата не е кадарна да воведе ред и контрола и да ги чува граѓаните од такви пацови, нека ги смени законите во полза на обичните луѓе да си го бранат своето а да не одговараат потоа пред закон за истото. Ако функционира во САД ќе функционира и тука.

[redacted]

Предолго молчевте, без да реагирате навремено. Сега господ нека ни е напомош. Некогаш тука живееја роми со кои одлично се слагавме... наши комшии сега ова незнам што е ама роми не се сигурно. "Ромска населба" Злокуќани не е, туку населба на општина Карпош.

[redacted]

Рушење на таа населба дивоградби се тие објекти кои го загрозуваат и сообраќајот.

[redacted]

Talibanci." итн.

Подносителот истакнува: „Стереотипизацијата и говорот на омраза насочен кон Ромската заедница е дотолку посериозен со тоа што општината во своето излагање спомнува дека „готово да нема граѓанин кој што физички не е нападнат. Не постои куќа или фирма која повеќе пати не е брутално ограбена". Се поставува прашањето како е возможно едно вакво генерализирано и паушално тврдење не поткрепено со материјални докази да биде јавно изнесено од страна на државен орган?. Нејасно е на што се заснова ваквото клеветничко тврдење - дали постојат повеќе осудителни пресуди за жители на конкретната населба за кои општината има информации па и доколку е навистина така од кога општината има надлежност за коментирање на судски одлуки во индивидуални случаи и откривање на етничката припадност на вмешаните лица?. Во ситуација кога Ромите се најдискриминираната етничка заедница во државата и Европа поради историскиот прогон, антициганизмот и предизвиците со кои се соочуваат секојдневно, Ваквото јавно „бркање и ловење на крадци и насилници" ги продлабочува ваквите стереотипи.". Следствено, подносителот истакнува дека тие како организација која се бави со правно застапување, се за почитување на законите и дека не оправдуваат сторување на кривични дела, но дека сторување на одредено кривично дело е предмет на истрага и гонење на надлежните државни органи. Во тој контекст, се наведува во претставката дека јавно карактеризирање на Ромите или ромските населби како крадци/извор на криминал и насилство од страна на единица на локална самоуправа/јавен функционер, не може и не смее да помине незабележано. Подносителот бара од Комисијата, согласно јавните надлежности доверени со закон, да преземе соодветни мерки и препораки против општина Карпош (преставена од градоначалникот Стевче Јакимовски) со цел спречување таквите објави да преминат во нормален јавен дискурс и да поминат без санкција.

На 26.08.2024 година, општина Карпош со Одговор бр. 11-5216/2 од 09.08.2024 година се изјасни за наводите во претставката. Во одговорот тие истакнуваат дека стојат зад се што е напишано во соопштението на општината. Следствено, упатуваат Комисијата да побара информација од полициска станица Карпош, да се види што се случува во тој дел од општина Карпош и воедно истакнуваат: „Постои ли куќа која повеќе пати не е ограбена, постои ли човек што не е нападнат и истепан, постои ли нива изорана или бавча насадена, а не е уништена со жива стока? Колку пати дури и припадници на полициска станица Карпош биле физички нападнати? Колку пати се ограбени малостопанственици кои таму егзистираат со децении и колкумина од нив се истепани од страна на истата група? Ова беше мирно катче на општина Карпош. Најголем дел од ромското население беа вработени во општина Карпош. Има најмалку 20 тина пензионери кои зеле пензија како вработени во општината, стипендирани се ученици, делена е социјална помош на загрозените семејства... Ова беше успешно интегрирана ромска заедница во општина Карпош се до доселувањето на неколку семејства бегалци од Косово и токму тие се насилниците кои дивеат во Злокуќани, а кражбите и своите навики ги практикуваат и во Карпош 4, Влае1 и Бардовци. Не вие господа од оваа комисија, туку ние, скоро секојдневно имаме поплаки и средби пред општинските врати со барање за спас од насилниците. За овој дел од општината градоначалникот организираше состаноци со командирот на П.С. Карпош и со двајцата началници, но одговорот секогаш е ист - „ние ги наоѓаме сторителите, ги приведуваме, но обвинителство не им одредува притвор". За таа цел имавме средба и со обвинителот на град Скопје, господинот [redacted]

Понатаму, во одговорот наведуваат дека во јавноста населеното место Злокуќани се дели на три дела. Едниот дел е патот за болница Бардовци, вториот дел е ромската населба, а третиот дел кај ресторанот [redacted] Истакнуваат дека кога се обраќаат до јавноста не постои друг начин по кои граѓаните на Карпош го препознаваат Злокуќани и дека тие точно посочиле кој дел од оваа урбана заедница ги создава сите проблеми во истата и пошироко.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Понатаму, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 став 1 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката на подносителот и наводите од одговорот, утврди дека е сторено вознемирување и поттикнување на дискриминација врз основа на етничка припадност.

Комисијата, анализирајќи ја содржината на објавата-соопштението на општина Карпош утврди дека текстот на начинот на кој е срочен, директно вознемирува одредена група на лица, преку несоодветно придодавање на етнички контекст со што предизвикува презир во насока на нивно омаловажување и понижување. Користењето на наратив во таква форма на изразување, со кој на несоодветен начин се истакнува етничка димензија на одреден настан или настани, според Комисијата несомнено доведува до повреда на достоинство и создавање на понижувачка и непријателска средина, пристап или практика, за што говори и фактот дека ваквиот текст на соопштението под објавата на социјалната мрежа, поттикнал дополнителен презир спрема оваа група на лица, односно Ромите.

Во таа насока, Комисијата ја цени слободата на мисла, уверување и на изразување, но сепак смета дека вакви или слични текстови, кои имаат за цел информирање на јавноста и изразување на одреден став во однос на одреден настан или настани, а преку кои може да се започне одредена дискусија, треба да имаат неутрална содржина со цел поттикнување на објективна дискусија за предметната тема, притоа имајќи ги во предвид угледот, достоинството и правата на други лица или групи на лица. Следствено на тоа, независно од намерата на авторот кој го објавува текстот, истиот во секој случај има обврска да ги цени и коментарите кои се објавуваат и се поврзани со неговата објава, па истите доколку содржат вознемирувачки говор да ги отстрани.

Комплементарно на горенаведеното, а во врска со слободата на изразување, Комисијата истакнува дека со таквата слобода, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и обврска која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, попречувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на властите, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права

која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, истото да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Согласно горенаведеното, објавениот текст на соопштението од страна на општина Карпош, односно градоначалникот на општина Карпош, несомнено претставува вознемирување и има ефект на поттикнување на дискриминација во смисла на член 10 став 1 и член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што се повредува достоинството и се создава понижувачка и непријателска средина за граѓаните Роми. Вознемирувањето и поттикнувањето на дискриминација се определени, како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството, односно отстранување на понижувачката и непријателска средина за оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така објавениот текст да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истиот да биде ограничен и санкциониран согласно праксата на Европскиот суд за човекови права и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.). Дотолку што таквиот текст е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува лицето општина Карпош, односно градоначалникот на општината, Стевчо Јакимовски, веднаш по добивањето на мислењето со препораката да го избрише предметното објавено соопштение од официјалната интернет страница на општината и профилот на општина Карпош на социјалната мрежа „FACEBOOK“ и за истото да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето.

2. Се препорачува општина Карпош, односно градоначалникот на општината, Стевчо Јакимовски, во рок од 60 дена од денот на добивањето на мислењето со препораката, да изработи внатрешен акт – процедура за проверка и изготвување на објави и соопштенија до јавноста со неутрална, односно недискриминирачка содржина и за тоа да ја извести Комисијата.
3. Се препорачува општина Карпош во иднина да внимава на коментари со вознемирувачка содржина, објавени под негов текст – објава на социјалната мрежа „FACEBOOK" и истите доколку ги има соодветно да ги отстранува.

Претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1. [redacted]
3. *Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk